Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002год.) и член 33 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 2/06) , Претседателката на Советот на Општина Свети Николе на ден 11.08. 2022 година донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за свикување на шеснаесеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе

Шеснаесеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се оддржи на ден **16.08.2022 година (вторник) со почеток во 14:00 часот** во советничкта сала на Општина Свети Николе.

За седницата го предлагам следниот

## Д н е в е н  р е д

Усвојување на Записник од петнаесеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 04.07. 2022 година;

**Точка 1**
Предлог – Одлука за давање право на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Свети Николе;

**Точка 2**
Предлог – Одлука за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2022 година;

**Точка 3**
Предлог – Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЕ 5, дел од Блок 23, плански опфат 23.3 од ГУП за град Свети Николе, КО Свети Николе, Општина Свети Николе

**Точка 4**
Предлог – Одлука за доискористување на средства од проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП 2)

**Точка 5**
Предлог - Одлука за дообезбедување на средства од буџетот на Општина Свети Николе за 2023 година

**Точка 6**
Предлог – Олдука за давање на согласност за организирање на продолжен престој и обезбедување на финансиски средства за ангажирање на

**Точка 7**

Предлог – Одлука за утврдување на работно време на ЈОУДГ "Рахилка Гонева" - Свети Николе за учебната 2022/23 година

**Точка 8**

Предлог – Одлука за согласност на групи со поголем број на деца, односно помал број на деца во ЈОУДГ "Рахилка Гонева" – Свети Николе за учебната 2022/2023 година

**Точка 9**

Предлог – Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Кочо Рацин" Свети Николе

**Точка 10**

Годишен план за вработување на ОУ „Народен Музеј„ Свети Николе за 2023 година;

**Точка 11**

Годишен извештај за работата на ООУ„ Даме Груев „ с. Ерџелија во учебната 2021/2022 година;

**Точка 12**

Годишен извештај за работата на ООУ„ Гоце Делчев„ Свети Николе во учебната 2021/2022 година;

**Точка 13**

Годишен извештај за работата на ООУ„ Кирил и Методиј„ Свети Николе во учебната 2021/2022 година;

**Точка 14**

Извештај за материјално-финансиското работење на ЈП „Погребални услуги„ Свети Николе за период од 01.01. до 30.06. 2022 година;

**Точка 15**

Извештај за реализација на Општина Свети Николе за вториот квартал за 2022 година;

**Точка 16**

Квартален извештај за извршување на буџетот за Општина Свети Николе за извештајниот период (комулативно) за квартал Втори од 01.01.2022 година до 30.06.2022 година ;

**Точка 17**

Кварталниот извештај за достасани ненамирени обврски-збирен за втор квартал за 2022 година ;

**Точка 18**

Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општината и јавните претпријатија основани од општините за 2022 година;

**Точка 19**

Барање за легализација од лицето Б.М.;

**Точка 20**

Барање финансиска помош од лицето Ј.В.;

**Точка 21**

Барање финансиска помош од лицето Т.Т.;

**Точка 22**

Барање финансиска помош од лицето В.Ј.

**Бр.0801- 118**
**11.08. 2022 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Валерија Ивановска с.р.**